# ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА

Официјални правила на наградната игра „#ПроВозиСе со ПроКредит Банка и Mastercard!‟

## ПРИРЕДУВАЧ
Член 1

Приредувач на Наградната игра „#ПроВозиСе со ПроКредит Банка и Mastercard!‟ е ПроКредит Банка АД Скопје со регистрирано седиште на ул. МАНАПО бр.7, 1000 Скопје, ЕМБС: 5774136 и ЕДБ: 4030003482066 (во понатамошниот текст Приредувач).

## ОФИЦИЈАЛНО ИМЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА
Член 2

Официјалното име на Наградната игра е „#ПроВозиСе со ПроКредит Банка и Mastercard!‟. Наградната игра ќе започне на 19.05.2023 (со почеток од 00:01 часот) и ќе трае до 30.09.2023 година (до 23:59 часот).

## ТЕРИТОРИЈА
Член 3

Наградната игра се приредува и се спроведува на територија на Република Северна Македонија.

## ПРЕДМЕТ НА РЕКЛАМИРАЊЕ СО НАГРАДНАТА ИГРА
Член 4

Наградната игра се приредува заради заедничка промоција на ПроКредит Банка АД Скопје и Mastercard, односно рекламирање на платежни сметки и дебитни картичките Mastercard за физички лица кои што се издаваат преку ПроКредит Банка АД Скопје.

## РЕКЛАМИРАЊЕ
Член 5

Наградната игра ќе се рекламира преку АТЛ активности (Радио, Социјални медиуми и дигитални канали, Инфлуенсер маркетинг, Видео маркетинг, Веб маркетинг) и БТЛ активности (ПР маркетинг, Настани и промоции).

## ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ЗАРАДИ ЧИЕ РЕКЛАМИРАЊЕ СЕ ОРГАНИЗИРА НАГРАДНАТА ИГРА
### Член 6

Производите заради чие рекламирање се организира наградната игра се платежните сметки за физички лица на ПроКредит Банка АД Скопје и дебитните картички MASTERCARD кои се издаваат заедно при отворањето наплатежна сметка од страна на физичко лице во ПроКредит Банка АД Скопје.

## ПРАВО НА УЧЕСТВО
### Член 7

Право на учество во наградната игра „#ПроВозиСе со ПроКредит Банка и Mastercard!" имаат сите физички лица со навршени 18 години, кои ќе станат нови клиенти на банката со отворање на платежна сметка за физички лица во ПроКредит Банка АД Скопје и ќе извршат најмалку 5 картични трансакции со дебитната Mastercard картичка од ПроКредит Банка АД Скопје во периодот од 19.05.2023 – 30.09.2023 година. Право на учество во наградната игра немаат вработените кај Приредувачот и вработените во ПИКСЕЛ ДОО Скопје како и членовите на потесниот круг на нивните семејства. Со учество во Наградната игра, учесниците потврдуваат дека се целосно запознаени со одредбите на овие правила и ја изразуваат својата согласност во поглед на истите.

## УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА
### Член 8

„#ПроВозиСе со ПроКредит Банка и Mastercard! "е наградна игра која ќе се спроведе во просториите на Приредувачот, но на регионално ниво на Република Северна Македонија.
Секое заинтересирано лице (наведено во член 7) за да учествува во наградната игра, потребно е да стане нов клиент на банката со отворање на платежна сметка за физички лица во ПроКредит Банка АД Скопје и да изврши најмалку 5 картични трансакции со дебитната Mastercard картичка од ПроКредит Банка АД Скопје во периодот од 19.05.2023 до 30.09.2023 година.

Во периодот на времетраење на наградната игра, еден учесник може да добие само една награда во текот на извлекувањето.

Информациите на учесниците во наградната игра, кои содржат неточни, нецелосни или невалидни податоци (име, презиме и телефонски број) нема да бидат земени предвид и нема да учествуваат во извлекувања на наградната игра.
Учесникот кој не ги исполнува другите услови за учество (доколку трансакциите не се извршени во дадениот временски период или учесникот не ја исполнува возрасната граница и слично) ќе биде дисквалификуван од наградната игра и ќе го изгуби правото на добивање награда.

Приредувачот на наградната игра го задржува правото да ги одбие сите трансакции за учество кои се стекнати на нелегитимен начин, репродуцирани, дуплирани, измислени или модифицирани на кој било начин.

Правилата на наградната игра, начинот и условите за учество во наградната игра, како и нејзиното времетраење, приредувачот ќе ги објави на официјалната веб-страница на ПроКредит Банка АД Скопје пред започнување на наградната игра, а по добивањето на согласност од страна на Министерството за финансии.

## ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИТЕ ВО НАГРАДНАТА ИГРА
## Член 9

Добитниците во наградната игра ќе се извлекуваат во живо во присуство на претставници од ПроКредит Банка АД Скопје, претставник од Пиксел ДОО Скопје и Нотар.
Почнувајќи од 19.05.2023 (со почеток од 00:01 часот) и заклучно со 30.09.2023 година (до 23:59 часот) наградната игра е во траење од 4 ипол (четири ипол) месеци.
Во наградната игра ќе бидат извлечени 20 добитници на следните награди:

| | Вид на награди | Број на награди |
|---|---|---|
| 1 | Велосипед МБМ Централ Лејди | 20 |

Извлекувањето на наградите ќе се одржи на два пати, со две извлекувања. Во секое извлекување ќе се доделат по 10 (десет) награди - велосипеди.

Извлекувањето на наградите ќе се одржи на 19.07.2023 и на 02.10.2023 година во 12:00 часот во просториите на седиштето на организаторот на наградната игра.
Во извлекувањето кое ќе се одржи на 19.07.2023 година ќе учествуваат учесниците кои станале нови клиенти на банката со тоа што отвориле платежна сметка за физички лица во ПроКредит Банка АД Скопје и направиле минимум 5 картични трансакции со дебитна картичка Mastercard од ПроКредит Банка АД Скопје најдоцна до 18.07.2023. Учесниците кои не се добитници на награда од првото извлекување, продолжуваат да учествуваат во второто извлекување кое ќе се одржи на 02.10.2023 година, заедно со новите учесници.

При извлекувањето на наградите за секој извлечен добитник ќе се извлечат по двајца резервни добитници. Доколку се појави пречка за доделување на наградата, наградата ќе ја добие првиот резервен добитник, па доколку постои уште една пречка за доделување, наградата ќе ја добие вториот резервен добитник.

Начинот на извлекување на добитници ќе се изврши преку интерно системско решение на Организаторот, преку кое ќе бидат издвоени/селектирани само квалификуваните учесници кои ги исполнуваат условите од наградната игра во посебен електронски фајл, од кој фајл понатаму, по случаен избор ќе бидат избрани односно извлечени добитниците на наградите. Интерното системско решение за избор на добитници ќе биде изработено во извештајна форма. Генерирање на податоците ќе биде овозможено преку основниот банкарски систем на ПроКредит Банка АД Скопје. Привилегија за генерирање на податоците ќе имаат лицата вработени во банката кои се членови за жири комисијата преку нивните службени компјутери. Службените компјутери преку кои пристапуваат

лицата со привилегии за генерирање на податоци се наоѓаат во седиштето на ПроКредит Банка, на ул. Манапо бр.7 Скопје.

Извлекувањето на овој начин ќе се врши во живо и во присуство на Жири Комисијата. Жири комисијата ќе биде составена од следните претставници:
1. 2 (два) претставника од ПроКредит Банка АД Скопје, 1 претставник од Пиксел ДОО Скопје, како и Нотар со службено седиште на подрачјето на Основните судови на градот Скопје;

ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД НАГРАДНАТА ИГРА
Член 10

Добитниците на наградите од секое извлекување ќе бидат објавени во рок од 3 дена од извлекувањето на интернет страницата https://www.pcb.mk/ во посебен дел на страницата креиран за оваа намена, со објавување на име и презиме од добитниците. Исто така, добитниците ќе бидат известени преку СМС или Вибер порака, на наведениот телефонски број.

ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИТЕ
Член 11

По секое извлекување, добитникот ќе добие СМС/Вибер порака на доставениот телефонски број со следната содржина:
“Ви честитаме на освоената награда, очекувајте да Ве контактираме за нејзино подигнување. Доколку не бидете достапни за контакт во следните 30 дена го губите правото на награда.”

Доколку учесникот не е достапен во следните 30 дена од било која причина, за која не е и нема да биде одговорен Приредувачот, тој/таа го губи правото на награда. Приредувачот нема да има дополнителна одговорност кон учесникот.

ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ
Член 12

Наградите ќе бидат доделени не подолго од 60 дена од извлекувањето на иститеПо истекот на 60-те дена, Приредувачот нема никаква одговорност околу наградите.
Добитниците не може да ги заменат своите награди за паричен износ еднаков на нивната вредност, ниту пак за кој било друг предмет. Добитниците, наградите ќе треба да ги подигнат лично во просториите на ПроКредит Банка АД Скопје, секој работен ден од понеделник до петок.

УСЛОВИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ
Член 13

Добитникот наградата ќе може да ја подигне со приложување документ за лична идентификација.

Доколку добитникот од која било причина не може да приложи доказ/документ за лична идентификација во тој случај нема да може да ја подигне наградата.

Доколку добитникот од која било причина не е во можност да ја подигне наградата, може да назначи лице што ќе го стори тоа во негово име, со претходно известување на Приредувачот, но само со писмено овластување од страна на добитникот, заверено на нотар.

Ако добитникот го откаже подигнувањето на наградата од која било причина, должен е за тоа да го извести Приредувачот.

При подигнување на наградата ќе биде потпишана потврда дека наградата е подигната од страна на добитникот.

Приредувачот е должен да провери дали се исполнети сите услови за учество и дали добитникот ги исполнува сите услови за подигнување на наградата, согласно правилата.
По предавањето на наградата, Приредувачот нема никаква одговорност кон добитникот на наградата во однос на користењето на истата, освен одговорностите наведени во правилата. Приредувачот нема одговорност за достава на наградата на адреса на Добитникот и нема да покрие било какви дополнителни трошоци, како што е транспорт или друг тип на трошоци (на пример: осигурување на велосипедот, било какви дополнителни трошоци и друго), трошоци за реализација кои не се опишани во правилата или во посебно потпишан договор помеѓу Организаторот и добитникот.

Приредувачот не е одговорен, доколку добитникот не е во можност да ја подигне наградата во пропишаниот рок.

Резултатите за прогласување на добитниците се конечни.

## НАГРАДЕН ФОНД
## Член 14

Наградната игра располага со следниот фонд на награди (вкупно 20) Велосипеди МВМ CENTRAL LADY.

Вкупниот награден фонд за оваа Наградна игра со вклучен ДДВ изнесува 563.200 денари.

| | ВИД НА НАГРАДА | Количина | Единечна цена по награда со ДДВ | Вкупна вредност на наградите со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Велосипед МБМ Централ Лејди | 20 | 28.160,00 денари | 563.200,00 денари |

Количината на наградите од Наградната игра е ограничена и нема да бидат доделени повеќе награди од оние кои што се претходно определени. Замена за наградите со други

награди, со парична или друга противвредност не е дозволена. Приредувачот не се обврзува да понуди друг тип на награда во истата противвредност од планираните награди. Учесниците во Наградната игра немаат право да бараат награди во поголема вредност или од различен вид од назначените во правилата од страна на Приредувачот.

ВЕРИФИКАЦИЈА НА КВАЛИФИКУВАНОСТ И ПРАВО НА УЧЕСТВО
Член 15

Наградата ќе биде доделена само ако учесниците се квалификувани, имаат право на учество, и ако целосно ги почитуваат Правилата на Наградната игра.

ДАНОЧНИ ОБВРСКИ НА ДОБИТНИЦИТЕ НА НАГРАДИТЕ
Член 16

Приредувачот е одговорен за сите даноци, надоместоци и одговорности поврзани со наградите вклучувајќи го и персоналниот данок на доход.

Секој од добитниците ќе добие потврда за добивката со платен данок на личен доход, подготвена и заверена од Приредувачот на наградната игра.

СОГЛАСНОСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ПРИВАТНОСТ
Член 17

При отворање на платежната сметка,  на Учесникот на наградната игра ќе му биде предочено известување за приватност  во врска со податоците кои ќе се обработуваат во наградната игра, со информации за согласноста која е потребно да ја даде, за да учествува во истата.

По добивањето на сите потребни информации за личните податоци кои ќе бидат предмет на обработка со учеството во наградната игра, Учесникот ќе може да донесе информирана одлука, за да ја даде потребната согласност за обработка на личните податоци.

Информациите кои се однесуваат на личните податоци, заедно со правилата за наградна игра и известувањето за приватност, за времетраењето на наградната игра ќе бидат истакнати на https://www.pcb.mk/provozise.

ПРАВО НА ПРИГОВОР
Член 18

Секој учесник кој е незадоволен  од начинот на кој се одвива и избираат добитниците во Наградната игра има право да поднесе приговор во писмена форма до Приредувачот, во рок од 3 дена од денот на објавувањето на добитниците на наградите од извлекувањето. Незадоволниот учесник Приговорот може да го достави на следната адреса за електронска пошта: mkd.info@procredit-group.com .Приредувачот е должен писмено да одговори на

приговорот во рок од 8 дена од приемот на истиот. Учесникот одговорот на приговорот ќе го добие на адресата за електронска пошта од која го испратил приговорот.

ОТКАЖУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА
Член 19

Наградната игра може да се прекине само во случај ако настапат околности за кои Приредувачот на наградната игра не е одговорен, односно ако постојат околности кои Приредувачот не можел да ги спречи, отстрани или избегне во согласност член 9 од Законот за игри на среќа и забавните игри. Доколку настапат вакви околности, истите ќе бидат веднаш објавени на официјалната веб-страница на ПроКредит Банка АД Скопје.

РЕШАВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИ СПОРОВИ
Член 20

Во случај на спор помеѓу Приредувачот и учесниците во Наградната игра, истите ќе бидат решавани спогодбено. Доколку Приредувачот и учесниците на наградната игра не успеат да постигнат заемна согласност за разрешување на спорот, надлежен ќе биде Основниот граѓански суд во Скопје, во согласност со прописите во Република Северна Македонија.

ВАЖНОСТ НА ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРА
Член 21

Правилата ќе бидат објавени на официјалната веб-страница на ПроКредит Банка АД Скопје пред започнување на наградната игра, а по добивањето на согласност од страна на Министерството за финансии. Истите ќе започнат да се применуваат откако Министерство за Финансии ќе издаде дозвола за приредување на наградна игра и ќе важат се до завршување на наградната игра. Со учеството во Наградната игра, се смета дека секој учесник се согласува и безусловно ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие правила.

Скопје, на ден 03.05.2023 година,

За Приредувачот,

ПроКредит Банка АД Скопје